| Наслов на активноста | | **<u>Моите Доблести</u>** | |
|---|---|---|---|
| **Времетраење ( ориентационо)** | 40 минути | **Одделение** | VII |
| | | | |
| **Цели и очекувани исходи:** | | - знае за концептот за себе и за сопствената единственост;<br>- знае различни начини на изразување на способностите и капацитетите преку работа и слободни активности;<br>- знае различни начини со кои може да се придонесе во групната работа.<br>- Може да идентификуваат позитивни особини/карактеристики | |
| **Потребни материјали:** | | - Бела хартија<br>- Хамер<br>- Прибор за пишување<br>- Фломастери, боички, молив | |
| **Детален опис на активноста:** | Воведни активности: | Наставникот на хамер го пишува зборот ДОБЛЕСТ, и употребувајќи ја техниката Бура на Идеи, наставникот ги поттикнува учениците да размислуваат и да ги искажат своите идеи и размислувања за се она што ги асоцира на зададениот збор. Потоа наставникот објаснува дека и самите луѓе имаат свои доблести, како и мани. Секој ученик треба да размисли и да избере една своја доблест која ќе ја запише на хамерот. Така сите ученици, излегуваат и ја запишуваат својата доблест на хамерот, креирајќи облак од зборови. | |
| | Главна активност: | Наставникот внимателно им ја објаснува планираната активност на учениците. Секој ученик на својот грб има залепено бел лист хартија. Секој ученик добива маркер. Учениците размислуваат за позитивните работи кај своите другарчиња и избираат едно нешто што го запишуваат на листот, закачен на грбот на нивното другарче. Наставникот внимава и ги поттикнува учениците да размислуваат позитивно и активно да учествуваат во активноста. | |
| | Завршна активност: | Откако ќе заврши активноста, сите ученици седнуваат во круг и ги одлепуваат листовите од нивните грбови. Секој ученик чита што се има напишано на неговиот грб и потоа кажува како се чувствува поради напишаните зборови. | |
| **Забелешка** | | | |

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.